Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Педагошка служба - Sherbimi Pedagogjik
Скопје - Shkup

| Примено: Pranuar: | 27.04.2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njesia Org. | Број: Numer: | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlerë: |
| 26 | 442/2 | | |

**До**
**Националната комисија за учебници при Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија**

**ПРЕДМЕТ: Извештај на членот известител м-р Слаѓана Настовска за наставниот предмет по БИОЛОГИЈА за II година гимназиско образование**

Согласно одлуката на Националната комисија за учебници, донесена на својата седница одржана на 2.4.2026 година, избрана сум за член известител за наставниот предмет по Биологија за II година гимназиско образование. По разгледување на материјалите доставени од Педагошката служба при Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија на 15.4.2026 година по електронски пат, а согласно член 9 и член 14 од Законот за учебници во основно и средно образование, објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 3/2025 и 74/2025, го поднесувам следниот

**ИЗВЕШТАЈ**
**за наставниот предмет Биологија за II година гимназиско образование**

На Конкурсот за учебници во гимназиско образование бр. 26-341/1 од 4.4.2025 година, за наставниот предмет по Биологија за II година гимназиско образование се пријавил еден ракопис.

Бирото за развој на образованието (во понатамошниот текст БРО) достави стручно мислење за ракописи, бр. 09-308/10 од 26.2.2026 година, потпишани од Вјолца Мехмети Нуредини, раководител во БРО и д-р Наталија Ацеска советник во БРО. Тие напишале детално стручно аргументирано мислење за ракописите со шифри бр. 012. Согласно член 14 став (5) од Законот за учебници во основно и средно образование, во случај кога на Конкурсот е доставен само еден ракопис за учебник, а Бирото има забелешки на истиот, е доставено список на забелешки по кои треба да постапат авторите на учебнкот и во законски предвиден рок да ги извршат потребните корекции.

По постапување на укажаните забелешки од страна на БРО доставено е второ стручно мислење од комисијата за ракопис бр. 09-736/3 од 24.3.2026 година, потпишано од Вјолца Мехмети Нуредини, раководител во БРО и д-р Наталија Ацеска советник во БРО. Тие напишале детално стручно аргументирано мислење за ракописите со шифри бр. 012 **и има позитивно мислење,** без забелешки (констатирани корекции на претходните забелешки), со изразени пофалби и според нив заклучокот е дека ракописот ги задоволува барањата за усогласеност со програмата за овој наставен предмет.

Рецензентската комисија во состав: Проф. д-р Валентина Славевска Стаменковиќ, член, Проф. д-р Шеваљ Ф. Мемиши, член и м-р Нетка Димоска наставник по Биологија во средно училишт, член, дава стручно сумарано мислење бр. 26-359/7 од 14.4.2026 година. По разгледувањето на приложените ракописи и детална анализа на истите, согласно методологијата за вреднување, забелешките и стручното мислење на членовите на комисијата. Рецензентската комисија се изјаснила со суперлативи во секој поглед, има мали технички забелешки кои истите се посочени за понатамошна корекција и го оценила ракописот со највисока оцена 4.

**Рецензентската комисија еднogласно го предлага ракописот со бр. 012 за учебник по предметот Биологија за II година гимназиско образование.**

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Согласно од горенаведеното, земајќи ги во предвид мислењата на Бирото за развој на образованието и на Рецензентската комисија, на членовите на Националната комисија за учебници како член известител за наставниот предмет по Биологија за II година гимназиско образование им предлагам **ДА ГИ ПРИФАТИ ИЗВЕШТАИТЕ НА БИРОТО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО И НА РЕЦЕНЗЕНТСКАТА КОМИСИЈА, РАКОПИСОТ СО ШИФРА БР. 012 ДА ГО ПРИФАТИ УСЛОВНО ЗА УЧЕБНИК СЕ ДОДЕКА НЕ СЕ НАПРАВАТ ПОСОЧЕНИТЕ КОРЕКЦИИ ОД РЕЦЕНЗЕНТСКАТА КОМИСИЈА И ДА ЈА ПРОДОЛЖИ ПРОЦЕДУРАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ И УПОТРЕБА НА ИСТИОТ.**

Скопје, 27.4.2026 година

Известител,
М-р Слаѓана Настовска